

Васил Мончев (1847 – 1913) е македонски револуционер, член на Македонската револуционерна организација. Тој се преселил во Солун, каде неговите хотели Бошнак хан и хотел „Вардар“ станале центри на револуционерната организација. Тој бил најдоверливата личност на членовите на ЦК и нивните помошници

Мончев е роден во 1847 година во Прилеп. Работел како учител и книжар. Тој се преселил во Солун, каде станал член на Македонската револуционерна организација. Мончев бил меѓу првите покрстени члениви и неговите хотели „Бошнак хан“ и хотел „Вардар“ станале центри на Организација. „Бошнак хан“ одиграл историска улога како главно сврталиште на револуционерите во Солун, а Мончев бил најдоверливата личност на членовите на ЦК и нивните помошници.

Васил Мончев бил личноста која ги организирала средбите во неговиот хотел-ан на поистакнатите личности кои доаѓаа од покраинските градови со некои од членовите на Централниот комитет. Тој ги прифаќал и ги извршувал најделикатните задачи кои му биле доверени од Организацијата. Иако секогаш бил баран и вознемируван од Турците, Мончев знаел како да се справи со нив, секогаш одржувајќи смиреност и присебност. Тој пред нив велел дека ништо не знае и ништо не видел.

По Мелничкото востание во летото 1895 година, полицијата извршил претрес во Бошњак хан и во куферот на еден од гостите пронашле четириаголна плоска за ракија. Бидејќи таа им наликувала на бомба која можела да се наполни со експлозив, полицијата наместо вистинскиот сопственик на куферот, кој бил отсутен, го уапсила Мончев. Меѓутоа тој успеал со рушвет да издејствува свое ослободување.

За време на Солунската афера на почетокот на 1901 година, откако водачите биле затворени, Мончев се до неговото апсење, ги координирал активностите на

Организацијата. На 19 февруари 1901 година било покренато обвинение против 19 членови на Организацијата меѓу кои Христо Татарчев, Христо Матов, Пере Тошев, Васил Мончев и др. Тие биле обвинети дека од Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает сакале да основаат самостојна македонска држава, односно воспоставување на автономна власт во Македонија. Но, поради недостиг на докази Мончев бил ослободен.

Постепено Васил Мончев се повлекол од револуционернорто дело, но неговото место било пополнето од неговите синови  Георги, Борис и Петар Мончев.

За време на Втората балканска војна, тој бил уапсен од грчките окупациски власти, прогонет на островот Трикери, каде што починал во ноември 1913 година.



Подготвил: Т.К.